# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ





# 2017











МОСТ
Граѓанска Асоцијација

Издаден од Граѓанска асоцијација **МОСТ**

Лондонска 9б, 1000 Скопје

Република Македонија

http://www.most.org.mk

most@most.org.mk

Подготвен од: Граѓанска асоцијација **МОСТ**

Скопје, април, 2018 година

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да биде користена за едукативни и други некомерцијални цели со наведување на изворот. Секоја репродукција мора да биде одобрена од Граѓанска асоцијација **МОСТ**.

## Содржина

**ВОВЕД** ........ 3
**ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ** ........ 4
**ПРОЕКТ: "ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА"** ........ 4
**ПРОЕКТ: "МЕДИА ПЛАТФОРМА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ"** ........ 7
**ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ........ 10
**ПРОЕКТ: "ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2017"** ........ 10
**ПРОМОЦИЈА НА ФИНАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ОД НАБЉУДУВАЊЕТО НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016** ........ 13
**ПРОЕКТ: "ВКЛУЧЕНИ ГРАЃАНИ ЗА ОДГОВОРНО И ТРАНСПАРЕНТНО СОБРАНИЕ"** ........ 14
**ПРОГРАМА: ДРУГИ АКТИВНОСТИ** ........ 19
**ПРЕДЛОГ ЗА ИТНИ ДЕМОКРАТСКИ РЕФОРМИ** ........ 19
**ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА** ........ 20
**ЕНЕМО** ........ 20
**УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ** ........ 21
**СТЕКНУВАЊЕ ИСКУСТВА** ........ 21
**ЗА МОСТ** ........ 22
**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ** ........ 24

# ВОВЕД

Овој извештај има за цел да ја презентира работата на Граѓанската асоцијација **МОСТ** во текот на 2017-та година.

Оваа година беше јубилејна за Граѓанската Асоцијација **МОСТ** бидејќи се навршија 15 години од формирањето на организацијата.

Во текот на 2017-та година продолжија да се спроведуваат проектите "Медиа Платформа за застапување", "Вклучени граѓани за отворено и транспарентно Собрание" и "Патуваме во Европа".

Во рамките на проектот "Медиа Платформа за застапување" беа организирани 5 обуки и тоа во Скопскиот, Пелагонискиот, Југозападниот, Источниот и Југоисточниот регион. Беа објавени и два јавни повика за доделување на мали грантови за застапување, чија цел е да ги поттикне граѓанските организации и новинарите да работат заеднички на развој и спроведување на кампањи за застапување кои таргетираат прашања кои произлегуваат од локалните заедници, а се од важност за пристапувањето кон ЕУ

Граѓанската асоцијација **МОСТ**, во рамките на проектот "Вклучени граѓани за отворено и транспарентно Собрание", поднесе вкупно 524 барања за пристап до информации од јавен карактер до Собранието на РМ, и тоа за: усвоени записници и извештаи од седниците на комисиите, стенографски белешки од завршените седници на Собранието и записници од одржаните јавни и надзорни расправи во периодот 30 мај 2017 – 29 декември 2017 година.

Оваа година се одржаа локалните избори кои беа набљудувани од Граѓанската асоцијација **МОСТ,** со што организацијата придонесе кон зголемување на нивната транспарентност.

Во текот на 2017 година претставник на Граѓанската асоцијација **МОСТ** учествуваше во работата на Генералното собрание на ЕНЕМО, кое се одржа 6-7 Април 2017 година во Тбилиси, Грузија.

Од сето ова, може да се заклучи дека 2017-та г. беше успешна година во која **МОСТ** продолжи да ја остварува својата мисија за зајакнување на демократската култура во Македонија и зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери.

# ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

## ПРОЕКТ: “ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА”



### Цел на проектот

Проектот “Патуваме во Европа” има за цел да им овозможи патување во Европа на најдобрите студенти преку кое тие ќе имаат можност да се запознаат со демократските вредности, обичаите и културата на земјите од Европа, да ги промовираат и доближат тие вредности во Македонија, а во исто време да ја промовираат и Македонија во Европа.

### Активности и постигнати резултати

Во 2017 година, 12 претставници на најдобрите студенти во завршните години на студии еден месец бесплатно патуваа низ Европа. Дел од оваа група беа истакнати студенти, активни во рамките на своите универзитети, како и во повеќе младински организации.



Сеќавајќи се на патувањето Марко Џамбазовски ќе напише: „25 дена, 11 земји, 18 градови и секој од нив беше различен од минатиот. Повеќе од 8100 километри патување со воз и околу 500 километри пеш. Но да резимираме, ова беше една од најинтересните работи што ги направив во мојот живот. Посетив убави места и создадов нови пријателства... Можеби не беше секогаш совршено, понекогаш морав да ја видам и

негативната страна на Европа, но тоа беше искуство што го направи моето патување комплетно и ми изгради нова перспектива на светот. Веќе размислувам за моите следните дестинации, бидејќи јас сум сигурен дека ова нема да биде моето последно патување од ваков вид, туку е само почеток.“

Ова беше единаесетта година по ред како Граѓанската асоцијација **МОСТ** го реализира овој проект. Во рамките на проектот беше објавен јавен конкурс за пријавување на студентите, а потоа се изврши селекција на најдобрите кандидати кои беа рангирани според однапред утврдени критериуми, се со цел да бидат избрани токму оние студенти кои навистина го заслужуваат тоа.



Сите 12 македонски студенти своето патување го започнаа во Берлин, каде три дена се дружеа со околу 200 студенти од целиот регион, кои исто така беа дел од проектот. Во рамките на својот престој во Берлин студентите имаа можност да ги посетат најпознатите знаменитости на градот, но и да поразговараат и да разменат искуства со активисти од Германија. По престојот во Берлин секој од студентите имаше можност сам да избере што сака да види, каде сака да патува и каде сака да ја промовира сопствената земја. За време на своето едномесечно патување студентите ја ширеа културата на дијалог и размена на различни искуства, а воедно ја запознаваа Европа и нејзините граѓани со младите од Македонија.





По нивното враќање, беше организирана изложба на фотографии кои студентите ги направија за време на патувањето. Во рамките на изложбата, исто така беше прикажан и краток филм за почетокот на нивното патување во Берлин. Со цел да се поттикне креативноста на студентите, беше предвидено тие да напишат есеј (патепис) за своите

доживувања. За најдобриот есеј, како и за најдобрата фотографија беа обезбедени симболични награди.

Дополнителна вредност на проектот е што истиот изминатите години допринесе за позитивно претставување на Македонија на обичните граѓани на ЕУ. Истовремено, им овозможи на многу студенти од Македонија да ги увидат можностите кои ги нудат европските универзитети и да ја продолжат својата едукација во некој од европските студентски градови.



Досега преку проектот „Патуваме во Европа“ повеќе од 170 студенти имаа можност да ја истражат и запознаат Европа.

Ова беше последна година како се реализира проектот со поддршка на Фондацијата Роберт Бош. Поради тоа, регионалните партнери во 2017 година одржаа 2 состаноци за стратешко планирање и понатамошен развој на самата платформа и проект.

## Донатори

Овој проект финансиски беше поддржан од Фондацијата Роберт Бош преку Балканскиот фонд за демократија (BTD), а средства и услуги донираа и неколку домашни компании.

# ПРОЕКТ: “МЕДИА ПЛАТФОРМА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ”




*Проектот ги промовира заедничките напори на локалните граѓански организации и новинарите и ги поврзува со носителите на одлуки со цел да се решат прашањата и проблемите на локалната заедница. Проектот започна да се имплементира на 15 јануари 2016 г., а истиот ќе трае се до јули 2018 г.*

## Цел на проектот

Општа цел на проектот **Медиа Платформа за застапување** е да даде придонес кон овозможувачка околина за квалитетно истражувачко новинарство и зајакнување на соработката меѓу медиумите и граѓанските организации за зголемување на нивното влијание врз јавните политики и процесот на донесување одлуки

Покрај општата цел, проектот има и 3 специфични цели:

1. Да се придонесе кон овозможувачка околина за истражувачко новинарство, врз основа на слободен и лесен пристап до веродостојни извори на информации и давање можност за придонес од страна на граѓанските организации и граѓаните.

2. Да се обезбеди можност за поврзување и зајакнување на клучните чинители, преку истакнување на нивната улога во застапувањето за проблемите на заедницата

3. Да се зголеми интегритетот и капацитетот на медиумите и граѓанските организации и да им се овозможи да работат заедно кон дефинирање на приоритетите и да се изврши притисок врз носителите на одлуки за решавање на проблемите во заедницата

## Активности и постигнати резултати

1. Спроведување на регионални обуки за застапување

Регионалните обуки за застапување беа местото каде се поврзуваа и споделуваа различни локални искуства од страна на локалните невладини организации и локалните медиуми. Истите беа и искоритени да се создаде синергија меѓу новинарите, невладините организации, граѓаните и локалните власти. Во рамките на обуките учесниците, новинари и претставници од локалните граѓански организации, ги промовираа и најдобрите практики, ги развиваа своите вештини за истражувачко новинарство, застапуавање, планирање на заеднички кампањи за застапување и сл.

Во рамките на проектот беше планирано да се одржат 8 регионални обуки во сите 8 плански региони.

Во 2017 г., беа одржани вкупно 5 обуки и тоа во Скопскиот, Пелагонискиот, Југозападниот, Источниот и Југоисточниот регион. На обуките беа присутни повеќе од 90 учесници, вклучувајќи новинари, претставници од граѓански организации и општините од регионите во кои беа одржани обуките.

Со ова заврши оваа фаза на проектот. Преку спроведените обуки беа обучени повеќе од 150 претставници на граѓански организации и новинари

2. Доделување на грантови за заеднички кампањи за застапување

На почетокот од 2017 година беше објавен првиот јавен повик за доделување на мали грантови за застапување.

Целта на повикот и овие мали грантови беше да ги поттикне граѓанските организации и новинарите да работат заеднички на развој и спроведување на кампањи за застапување кои таргетираат прашања кои произлегуваат од локалните заедници, а се од важност за пристапувањето кон ЕУ.

Во рамките на првиот повик беа доделени 3 мали грантови за спроведување на заеднички кампањи за застапување на граѓански организации и новинари во североисточниот, вардарскиот и полошкиот плански регион.



Организациите Ековита од Неготино, Цивис од Куманово и Здружение за церебрална парализа од Тетово во соработка со локални медиуми, добија финансиска поддршка да спроведат проекти во времетраење од 6 месеци во соодветните региони, на теми поврзани со заштитата на животната средина и човековите права.

На крајот пак од 2017 година, беше објавен и вториот повик во рамки на кој седум организации добија финансиска поддршка да спроведат проекти во времетраење од 3 до 6 месеци во Скопскиот, Пелагонискиот, Југозападниот, Источниот и Југоисточниот плански регион, на теми поврзани со заштитата на животната средина, заштита на човековите права и правата на социјално ранливите групи, граѓанско учество, но и земјоделство. Седумте организации кои добија поддршка со овој повик се:

- Организација на жени на општина Битола
- Здружение Центар за лековити билки и шумски плодови Амброзија
- ЛАГ Агро Лидер
- Македонски центар за одржлив развој и конкурентност Скопје
- Прва детска амбасада во светот Меѓаши
- Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ
- Здружение за дислексија АЈНШТАЈН Скопје

Финансиската поддршка во рамки на проектот имаше за цел да ја поттикне соработката помеѓу граѓанските организации од една страна и новинарите/медиумите од друга страна, кои преку креираните партнерства и соработка треба да ги надградат своите капацитети и да придонесат во развојот на истражувачкото новинарство во Република Македонија.

## Партнери

Институт за мас-медиуми, образование и комуникација

Нова ТВ

## Донатор

Проектот е финансиран од Европската унија преку ИПА програмата за граѓанското општество и медиуми 2014

# ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## ПРОЕКТ: “ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2017”




**Цел на проектот**

Зголемување на транспарентноста на изборниот процес,

преку вклучување на граѓаните во истиот како домашни набљудувачи.

**Специфични цели на проектот**

- Да обезбеди учество на граѓаните во процесот на непартиското набљудување на изборите;
- Да ја подигне свеста кај граѓаните за проверката во Избирачкиот список и заштитата на правото на глас;
- Да се обезбеди почитување на Изборниот законик и останатите закони и процедури поврзани со изборите, човековите права и процедурата на гласање на избирачките места.

Претседателот на Собранието на Република Македонија ги распиша Локалните избори на 6 август 2017 година а ги закажа за 15 односно 29 октомври 2017.

Во Избирачкиот список беа запишани 1.814.644 избирачи, односно 30.228 избирачи повеќе во однос на предвремените парламентарни избори одржани во 2016 година.

Кандидатски листи поднесоа 13 политички партии, 5 коалиции и 63 групи избирачи. На изборите учествуваа 257 кандидати за градоначалници и 6.617 кандидати за советници на 371 советничка листа за 1.347 советнички места.

## Активности

- Воспоставување на мрежата за имплементација на проектните активности;
- Редовни брифинзи со регионалните координатори;
- Набљудување на политичкиот контекст;
- Набљудување на работата на Државната изборна комисија (ДИК) и општинските изборни комисии (ОИК)
- Набљудување на изборната кампања
- Регрутирање, тренинг и распоредување на набљудувачи;
- Набљудување на предвременото гласање на внатрешно раселените лица, болните и изнемоштени лица и лицата во затвор или притвор
- Набљудување на изборниот ден со статични набљудувачи, мобилни тимови и набљудувачи во ДИК и ОИК
- Набљудување на постизборниот период (процесот на поднесување на приговори и тужби);
- Анализирање на извештаите и информирање на јавноста.

Изборите беа набљудувани од страна на 5.609 домашни набљудувачи, од кои Граѓанската асоцијација **МОСТ** имаше акредитирано најголем број – 2.917 граѓани. Изборите исто така беа набљудувани и од 473 странски набљудувачи и 20 странски новинари.




За гласањето на 15 октомври, Граѓанската асоцијација **МОСТ** распореди 2.082 статични набљудувачи, со што беа опфатени 45,7% од вкупниот број на избирачки места во кои се спроведе гласање (3.478). Набљудувачите беа статични и беа распоредени на избирачките места во текот на целиот изборен ден. Покрај статичните набљудувачи, беа распоредени и 100 мобилни тимови составени од 2 набљудувачи (вкупно 200 набљудувачи). Набљудувана беше и работата на ОИК и ИКГС (81 набљудувачи) и ДИК (1 набљудувач).

За набљудување на гласањето на внатрешно раселените лица, болните и изнемоштени лица и лицата во затвор или притвор на 14-ти октомври беа ангажирани 123 набљудувачи на **МОСТ**.

На 29 октомври се спроведе вториот изборен круг на 1.517 избирачки места во 35 општини во кои не беше избран градоначалник во првиот круг. **МОСТ** распореди 932 статични набљудувачи, со што

беа опфатени 46,9% од вкупниот број на избирачки места во кои се спроведе гласање (1.517). Исто така беа распоредени 45 мобилни тимови (вкупно 90 набљудувачи) и 35 набљудувачи во ОИК.

Гласањето на внатрешно раселените лица, болните и изнемоштени лица и лицата во затвор или притвор на 28-ми октомври беше набљудувано од страна на 54 набљудувачи на **МОСТ**.

Изборната кампања во првиот круг се одвиваше во периодот од 25 септември до 13 октомври, додека во вториот круг од 16 до 27 октомври 2017 година. **МОСТ** од своите набљудувачи доби вкупно 1902 извештаи за активности организирани од политичките субјекти, меѓу кои и 259 извештаи од митинзи и 733 извештаи од средби со граѓани.

Сите набљудувачи проследија обука за домашно набљудување на избори, а исто така им беа поделени и потребни материјали за набљудувањето: Прирачник за домашно набљудување на изборите, формулари за известување, пенкало, маица, и акредитации издадени од ДИК и **МОСТ**. Обуката на набљудувачите беше организирана од страна на регионалните координатори на **МОСТ** во соодветните регионални канцеларии.

Седниците на ДИК и на ОИК во текот на целиот процес беа предмет на набљудување. Преточено во бројки, вкупно 15 седници на ДИК и 162 седници/работни состаноци на ОИК беа набљудувани. Исто така набљудувани беа и обуките спроведени за целата изборна администрација. Покрај тоа, беше набљудуван и процесот на поднесување на приговори и тужби за постапката на гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето.

На 12-ти ноември се спроведе прегласување на гласачкото место 2901, за избор на градоначалник на општина Чаир. **МОСТ** го набљудуваше гласањето со еден статичен набљудувач на гласачкото место и два мобилни тима.

## Медиумска активност

За време на изборниот процес **МОСТ** организираше вкупно 12 прес конференции:

- 2 прес конференции беа одржани за промовирање на активностите предвидени за првиот односно вториот круг од гласањето,
- 8 прес конференции беа одржани во текот на првиот и вториот круг од гласањето, односно по 4 на изборен ден,
- 2 прес конференции беа одржани за промоција на Прелиминарните изјави од првиот и вториот круг.

Дополнително, **МОСТ** објави и 2 соопштенија за јавност поврзани со повикот за пријавување на граѓаните за набљудување, и за промоција на периодичниот извештај за текот на изборниот процес.

## Донатори

Проектот беше спроведен со поддршка од Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Кралството Холандија, Швајцарската агенција за развој и соработка, Националниот фонд за демократија и УСАИД преку Националниот демократски институт.

# ПРОМОЦИЈА НА ФИНАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ОД НАБЉУДУВАЊЕТО НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016

Во насока на промовирање на Финалниот извештај на МОСТ како и препораките за забележаните нерегуларности во текот на набљудувањето на Предвремените парламентарните избори, беше организирана тридневна тркалезна маса во Битола од 21ви до 23ти Април 2017. На настанот беа присутни околу 30 претставници на Државната Изборна Комисија, Граѓанските организации, институциите и експерти во полето на изборите. Како резултат на дискусиите на различни теми поврзани со изборниот процес, на крај од настанот, беше развиен документ со околу 30 заклучоци и препораки за подобрување на изборното законодавство со цел да се унапреди изборниот процес.

# ПРОЕКТ: "ВКЛУЧЕНИ ГРАЃАНИ ЗА ОДГОВОРНО И ТРАНСПАРЕНТНО СОБРАНИЕ"



Проектот се спроведува во периодот 1 јули 2016 – 31 март 2018.

## За проектот

*Проектот произлегува од потребата за одговорност и транспарентност на Собранието како највисок орган во државата и носител на законодавната власт.*

## Цел на проектот

Целта на проектот "Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание" е подобрување на работата на Собранието преку вклучување на граѓаните во информирана дебата за улогата на Собранието и изборните реформи.

## Активности

Проектот се фокусира на подготовка на Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието, кој се го формираат три сегменти:

1. *Анализа на законодавните постапки и фреквенциите на изменување на законите, преку*:
   - донесени закони и донесени измени на закони;
   - донесени закони по предлагач;
   - донесени закони по постапка на донесување;
   - преглед на законите кои се донесени заради хармонизирањето на домашното право со правото на ЕУ;
2. *Анализа на работата на комисиите врз основа на следните критериуми*:
   - транспарентност на работата на комисиите;
   - квалитет на записниците од седниците на комисиите;
   - вклученост на засегнатите страни на седниците на комисиите;
   - број на разгледани закони на седниците на комисиите.

3. *Придонес на пратениците во работата на комисиите и Собранието преку следниот критериум:*
   - Поднесени предлог-закони.

За потребите на мониторингот, Граѓанската асоцијација **МОСТ** поднесе вкупно 524 барања за пристап до информации од јавен карактер до Собранието на РМ, и тоа за: усвоени записници и извештаи од седниците на комисиите, стенографски белешки од завршените седници на Собранието и записници од одржаните јавни и надзорни расправи во периодот 30 мај 2017 – 29 декември 2017 година.

За добивање на дополнителни податоци за потребите на проектот се беа користени официјалната веб-страница на Собранието на РМ (www.sobranie.mk), веб-страницата www.pravo.org.mk и официјалната веб-страница на „Службен весник на Република Македонија“ (www.slvesnik.com.mk).










Во рамките на проектот се подготвуваат периодични извештаи кои претставуваат сублимат на резултатите од мониторингот и ја информираат јавноста, медиумите и граѓанските организации за работата на пратениците, како и за начинот на кој Собранието ја извршува својата улога регулирана со Уставот.




Извештаите се објавуваат на веб-страницата http://otvorenosobranie.mk/ која содржи и дополнителни информации и податоци за работата на Собранието.

Секој од извештаите содржат осврт на најважните политички настани кои ќе имаат влијание врз работата на Собранието во периодот кој е предмет на соодветниот извештај. Извештаите исто така содржат и информации за позначајните политички случувања во Собранието коишто влијаат врз неговата работа.

## Резултати

Во 2017 година, **МОСТ** оствари голем број на активности кои беа предвидени со проектот, а како резултат на тоа имаше влијание врз подобрувањето на работата на Собранието, и покрај комплексната политичка ситуација која што преовладуваше во 2017 година, како и одржувањето на локалните избори.

Како најважни резултати од проектот може да се издвојат следните:

1. Издадени се **3 извештаи** од Индексот на продуктивност, транспарентност и отвореност на Собранието. **Првиот извешта**ј ја анализираше работата на Собранието од 1 јули до 17 септември 2016 година, односно до распуштањето на Собранието заради одржување на предвремените парламентарни избори во 2016 година. Извештајот беше промовиран на прес-конференција на 11 април 2017 година. Поради времетраењето на конститутивната седница и неможноста **вториот извештај** да се подготви според воспоставената методологија, во него беше анализирана само конститутивната седница. Со извештајот е опфатен периодот од 30.12.2016 до 31.05.2017 година, а беше објавен на 17 август 2017 година. **Третиот извештај** беше објавен на 22 декември 2017 година и го опфати периодот од завршувањето на конститутивната седница, па се до распишувањето на локалните избори, односно за периодот од 01.06 - 31.09.2017 година. Во периодот активно беше подготвуван и **четвртиот извештај** кој што го опфати периодот од 01.10 – 31.12.2017 година. Со цел приближување на извештаите до пошироката јавност, истите беа придружувани со инфографици. За **првиот извештај** беше подготвен 1, додека за **вториот и третиот** беа подготвени по 2 инфографици. Извештаите беа редовно испраќани до корисниците на pravo.org.mk, медиумите и пратениците. Исто така, подготвените инфографици беа објавувани и на Фејсбук страницата на **МОСТ**.

2. Веб-страницата www.otvorenosobranie.mk беше дизајнирана и објавена на интернет. . Истата редовно се ажурира со извештаите, инфографиците за секој извештај посебно, новостите во врска со работата на Собранието, донесените закони, информации во врска со работењето на пратениците, и сл.




3. Во рамките на проектот беше подготвено едукативно видео

за функцијата и улогата на Собранието како и видео во кое беа презентирани резултатите од првиот извештај.

4. На 11 мај 2017 година беше одржана меѓународна конференција на која што се дискутираше за тоа како работи и како треба да работи Собранието. На конференцијата беа присутни 71 учесник, од кои 2-ца меѓународни експерти, пратеници од сегашниот и претходните парламентарни состави, граѓански организации и други засегнати страни. На конференцијата воведно обраќање имаше претседателот на Собранието, г-дин Талат Џафери, кое воедно претставуваше и негово прво обраќање во неговиот мандат пред граѓанскиот сектор. Од конференцијата произлегоа и заклучоци и препораки за работата на Собранието и истите во форма на исечоци од конференцијата беа објавени во видео формат на веб-страницата www.otvorenosobranie.mk.




5. со дел од парламентарните политички партии и со медиумите, беа остварени неколку средби на кои што беше презентирана методологијата за подготвување на Индексот на продуктивноста на Собранието, а исто така пратениците дадоа придонес во подобрувањето на методологијата за изготвување на извештаите.

6. Во рамките на проектот, беа остварени неколку средби со Претседателот на Собранието и генералниот секретар, што резултираше со потпишување на Меморандум за соработка на 9 октомври 2017 година. Меморандумот беше потпишан со цел да обезбеди поефикасна комуникација со Собранието во рамките на проектот. Со потпишувањето на Меморандумот за соработка се интензивира и соработката со Собранието, како од страна на пратениците, така и од страна на работните тела на Собранието. Како резултат на тоа, на 16 ноември 2017 година се одржа и работен состанок со претседателот на Законодавно- правната комисија и стручната служба на оваа комисија, на кој што беше посочено дека извештаите во голема мера им помагаат на вработените во стручната служба во изготвувањето на записниците. Како резултат на овој состанок Законодавно- правната комисија започна да имплементира дел од препораките на **МОСТ** во делот на подготвувањето на записниците. Ваква практика исто така беше забележана и кај Комисијата за култура.

7. Претставници од **МОСТ** учествуваа и во акционото планирање на Отворен парламент, од 8 до 10 ноември, кое што резултираше со формирање на "Работна група за вклучување на Парламентот во отвореното партнерство на Владата". Исто така **МОСТ** беше поканет да учествува во работната група за измена на Деловникот и Законот за Собрание, како и за подготвување на Етички кодекс на Собранието. Првата средба беше одржана на 14 декември.

## Донатори

Проектот „Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание" е финансиски подржан од Британска амбасада Скопје.

# ПРОГРАМА: ДРУГИ АКТИВНОСТИ

## ПРЕДЛОГ ЗА ИТНИ ДЕМОКРАТСКИ РЕФОРМИ

Во текот на 2017 г. МОСТ и беше дел од групата на граѓански организации, научни работници и независни експерти кои подготвија надградба на документот „Предлогот за итни демократски реформи“, или т.н. Блупринт.

Целта на документот беше да даде поттик, насоки и детални активности кои се неопходни за враќање на демократските стандарди и вредности, за постигнување напредок во одредени области од јавните политики, како и за враќање на довербата на граѓаните во клучните државни институции. Областите на јавни политики се: јавни финансии и економија; правосудство; борба против корупцијата; избори и изборен систем; јавна администрација; контрола врз полицијата и агенциите за безбедност и (контра)разузнавање; Собрание; граѓанско општество; социјална заштита, благосостојба и одржливост; образование и младински политики; животна средина; енергетика; култура и здравство. Последните три области беа за првпат вклучени во овој документ.

Во процесот на подготовка на содржините во областите на јавните политики учествуваа 146 претставници од 73 граѓански организации, научни работници и независни експерти. МОСТ повторно даде свој придонес во поглавјето Избори и изборен систем, како и во поглавјето Собрание, а организацијата и логистиката овој пат беше обезбедена од Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА

## ЕНЕМО

*Граѓанската асоцијација **МОСТ** е членка на Европската мрежа на организации кои набљудуваат избори (ЕНЕМО) од октомври 2004 г.*

Во текот на 2017 година претставник на Граѓанската асоцијација **МОСТ** учествуваше во работата на Генералното собрание на ЕНЕМО, кое се одржа 6-7 Април 2017 година во Тбилиси, Грузија.

На истото собрание беа присутни и 23 претставници на организациите членки на мрежата. Во рамките на ова собрание покрај дискусијата за тековните работи поврзани со работата на ЕНЕМО, беше донесена одлука за исклучување на две организации од ЕНЕМО поради не исполнување на условите за членување пропишани во Протоколот на ЕНЕМО. Исто така, по претходно поднесена апликација за членство во ЕНЕМО, беа примени две нови организации кои ги исполнуваа условите за членство.

Како резултат на одредбата од Протоколот на ЕНЕМО поврзана со работењето на Секретаријатот на ЕНЕМО, на годишното собрание се избраа и нови членови на раководното тело на ЕНЕМО.

По спроведената процедура за гласање за членови на ЕНЕМО Секретаријатот, беа избрани организациите ИСФЕД од Грузија, ГОЛОС од Русија, КРИК од Албанија, КДГО од Киргистан и ЦЕМИ од Црна Гора. Организацијата од Црна Гора исто така е носител и на функцијата Генерален Секретар на ЕНЕМО.

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

- Мај 2017 – Претставник на МОСТ учествуваше на работилницата за набљудување на избори организирана од страна на НДИ во Белград, Србија
- Мај 2017 – Претставник на МОСТ беше говорник на меѓународната годишната конференција ПОИНТ (политичка одговорност и нови технологии) во рамките на сесијата "Изборите во регионот – Србија и Македонија". Конференцијата се организира од граѓанската организација Зашто не во Сараево, Босна и Херцеговина.
- Мај 2017 – Претставник на МОСТ беше говорник на меѓународната конференција „Професионалните и кредибилни институции како предуслов за фер избори" организирана од Центарот за демократска транзиција (ЦДТ) во Подгорица, Црна Гора.
- Претставници на МОСТ учествуваа на конференцијата по повод започнувањето на проектот на ОБСЕ/ОДИХР "Поддршка на имплементацијата на препораките за избори во Западен Балкан" која се одржа на 8 септември во Варшава, Полска. Извршниот директор на МОСТ беше еден од говорниците во сесијата посветена на евиденцијата на избирачкото право.

## СТЕКНУВАЊЕ ИСКУСТВА




- Април 2017 година – 2 претставника на **МОСТ** учествуваа на обука за долгорочни набљудувачи, организирана од ЕНЕМО, во Тбилиси, Грузија;
- Март и Ноември 2017 година – по еден претставник на МОСТ учествуваше на обука за долгорочни набљудувачи, организирана од ОБСЕ/ОДИХР, во Сараево, Република Босна и Херцеговина.

# ЗА МОСТ

***Граѓанската асоцијација МОСТ** е домашна, граѓанска и непартиска организација, формирана во мај 2002-ра година, од страна на претставници на 20 граѓански организации од целата држава.*

## Визија

Свесните и активни граѓани водат кон одговорна власт, што е пак основа за одржливо и демократско градење на општеството во Македонија, регионот и светот.

## Мисија

Мисијата на **МОСТ** е да работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

***МОСТ** верува дека зголемувањето на инволвираноста на граѓаните може да игра значајна улога во зајакнувањето на демократските институции, владеењето на правото и почитувањето на човековите права во Македонија.*

Од почетокот на своето постоење, организацијата игра значајна улога во домашното набљудување на изборите, докажувајќи се како добар организатор и достоен лидер во граѓанскиот сектор. Вклучувањето на граѓани од сите етникуми, религии и политички погледи во активности од интерес на целото општество претставува значаен успех за граѓанското општество во Македонија. Базата на податоци со повеќе од 30.000 волонтери со која располага организацијата е доволен доказ за тоа.

## Цели на организацијата

- Да се поттикнат и мобилизираат граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија на национално и локално ниво;
- Да се поддржуваат напори и организираат активности за реформирање на институциите и процесите со цел тие да станат поодговорни, потранспарентни и поотворени кон потребите на граѓаните;
- Да се зајакне капацитетот на граѓанското општество со цел истото да овозможи гласност и простор за граѓанска акција на одржлива основа.

Со цел да се исполнат мисијата и целите на организацијата, своите активности во **МОСТ** ги спроведува во рамките на следните **програми**:

- Отворени институции;
- Едукација и вклучување на граѓаните и
- Одговорност и транспарентност.

Првиот проект на организацијата којшто ги надмина очекувањата беше “Домашно набљудување на парламентарните избори 2002 година”, што претставуваше пионерски чекор во Македонија. Оттогаш па наваму, **МОСТ** има набљудувано вкупно 11 изборни процеси на национално ниво, 4 изборни процеси на локално ниво, како и 4 референдуми и претставува значаен фактор кој придонесува кон поголемо ниво на транспарентност на истите.

Паралелно со заложбите за зголемување на транспарентноста на изборниот процес, **МОСТ** работи и на полето на поттикнување и мобилизирање на граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија, со што придонесува во зголемувањето и одржливоста на знаењето на граѓаните за нивните граѓански и политички права и обврски.

Поддржувањето напори и организирањето активности за реформирање на институциите и процесите беше еден од предизвиците со кои **МОСТ** се соочи во текот на своето работење. Проектите и активностите кои беа спроведени во оваа насока претставуваат пионерски обиди, не само во земјава туку и во регионот.

**МОСТ** и понатаму ќе продолжи со спроведување на активности и проекти кои ќе придонесат кон подобро функционирање на демократијата во Македонија, со што ќе ја задржи позицијата на лидер во граѓанскиот сектор.

**М О С Т   С К О П Ј Е**
***Ул. Ванчо Мицков бр. 18Б Скопје-Карпош***
***ЕДБ 4030002444942***

## *ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД 01.01.2017-31.12.2017*

## *Приходи*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | *Приходи од камати и позитивни курсни разлики* | | ***469.00 ден.*** |
| 2 | *Приходи од проекти , грантови* | | ***24,323,966.00 ден.*** |
| | *Embassy of Great Britain and Northern Ireland in Skopje* | ***8,505,928.00 ден.*** | |
| | *NDI – National democratic institute* | ***1,725,813.00 ден.*** | |
| | *National endowment for democracy* | ***2,832,136.00 ден.*** | |
| | *The German Marshal Fund of the United States (through Balkan Trust for Democracy)* | ***818,013.00 ден.*** | |
| | *European Commission (European Union,through IPA Civil Society Facility and Media Programme 2014)* | ***5,557,684.00 ден.*** | |
| | *Embassy of Kingdom of Netherlands* | ***2,533,899.00 ден.*** | |
| | *Embassy of Switzerland in Macedonia/ Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC)* | ***2,287,040.00 ден.*** | |
| | *Robert Bosch Stiftung* | ***44,884.00 ден.*** | |
| | *Robert Bosch International Alumni Center* | ***18,569.00 ден.*** | |
| 3 | *Приходи од отпис на обврски* | | ***87.00 ден.*** |
| 4 | *Дополнително утврдени расходи од минати години* | | ***44,300.00 ден.*** |
| 5 | *Пренесен вишок од минатата година* | | ***6,974,715.00 ден.*** |

## *Вкупни приходи* ***31,343,537.00 ден.***

## *Трошоци*

| | | |
|---|---|---|
| 1 | *Трошоци за банкарска провизија* | ***146,020.00 ден.*** |
| 2 | *Трошоци од негативни курсни разлики* | ***84,753.00 ден.*** |
| 3 | *Трошоци за помошен потрошен материјал* | ***122,261.00 ден.*** |
| 4 | *Сметководствени услуги* | ***393,084.00 ден.*** |
| 5 | *Трошоци за бруто плати* | ***4,578,336.00 ден.*** |
| 6 | *Услуги по договор за дело* | ***9,362,681.00 ден.*** |
| 7 | *Трошоци за ревизорски услуги и услуги на процена* | ***212,820.00 ден.*** |
| 8 | *Останати расходи* | ***42,141.00 ден.*** |
| 9 | *Трошоци за претплата на списанија, стручна литература и сл.* | ***20,275.00 ден.*** |
| 10 | *Трошоци за материјали за проектни активности* | ***174,829.00 ден.*** |
| 11 | *Трошоци за канцелариски материјали* | ***9,304.00 ден.*** |
| 12 | *Комунални трошоци (струја, вода, парно...)* | ***395,084.00 ден.*** |
| 13 | *Трошоци за хигиена* | ***39,805.00 ден.*** |
| 14 | *Трошоци од отпис на ситен инвентар* | ***24,835.00 ден.*** |
| 15 | *Трошоци за печатење, фотокопирање, графичка дејност, укоричување* | ***1,206,766.00 ден.*** |
| 16 | *Трошоци за возило* | ***189,509.00 ден.*** |
| 17 | *Угостителски и хотелски услуги за проектни активности* | ***1,374,699.00 ден.*** |
| 18 | *Трошоци за ПТТ, телефон, интернет ...* | ***1,055,404.00 ден.*** |
| 19 | *Трошоци за наемнина од физички лица* | ***786,000.00 ден.*** |
| 20 | *Трошоци за изнајмување на сали и опрема* | ***324,341.00 ден.*** |
| 21 | *Трошоци за компјутерски сервисни услуги* | ***2,719.00 ден.*** |
| 22 | *Даноци кои не зависат од резултатот* | ***1,385,802.00 ден.*** |
| 23 | *Платени членарини* | ***6,149.00 ден.*** |
| 24 | *Пренесени средства на други субјекти* | ***1,223,103.00 ден.*** |
| 25 | *Трошоци за опрема, машини, компјутери и сл.* | ***178,228.00 ден.*** |
| 26 | *Патни трошоци за проектни активности* | ***1,431,237.00 ден.*** |
| 27 | *Трошоци за останати услуги* | ***81,068.00 ден.*** |
| 28 | *Други трошоци за проектни активности* | ***350,000.00 ден.*** |

| | |
|---|---|
| 29 Трошоци за интелектуални услуги | 36,180.00 ден. |
| 30 Трошоци за услуги за препис и превод | 191,269.00 ден. |
| 31 Трошоци за објави | 225,929.00 ден. |
| 32 Трошоци за обезбедување на простор | 26,172.00 ден. |
| **Вкупни трошоци** | **25,680,803.00 ден.** |
| Данок на непризнати трошоци за 2017 година | - ден. |
| **Наменски средства за 2018 година** | **5,662,734.00 ден.** |

## Биланс на состојба на 31.12.2017 година

### Средства

| | |
|---|---|
| 1 Основни средства | 4,613,580.00 ден. |
| 2 Исправка на основни средства | - 3,835,018.00 ден. |
| 3 Денарска сметка | 2,355,141.00 ден. |
| 4 Денарска благајна | 98,183.00 ден. |
| 5 Девизна сметка | 3,261,657.00 ден. |
| 6 Виза картичка | 1,083.00 ден. |
| 7 Претплата на персонален данок | 5,415.00 ден. |
| **Вкупни средства** | **6,500,041.00 ден.** |

### ОБВРСКИ

| | |
|---|---|
| 1 Оберски кон добавувачи | 58,745.00 ден. |
| 2 Деловен фонд | 769,447.00 ден. |
| 3 Ревалоризациони резерви | 9,115.00 ден. |
| 4 Наменски средства за 2018 година | 5,662,734.00 ден. |
| **Вкупно обврски** | **6,500,041.00 ден.** |

Скопје, 28.02.2018 -